Информација поврзана со работењето на РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје со предлог насоки до Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје

Информацијата е подготвена со цел акционерите на РЕПЛЕК АД Скопје, како единствен сопственик на РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје да се запознаат со резултатите на финансиското работење со цел согледување на правци за деловниот потфат на РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје.
Прилог:
Податоци за работењето на РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје согласно финансиските и ревизорските извештаи за 2021 година

Од погоре наведените податоци произлезени од извештаите се согледува потребата од анализа на бенефит за РЕПЛЕК АД Скопје од РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје, односно оцена за бенефит од продолжување на деловниот потфат или оцена на алтернативни можности за бенефит со оттуѓување или преструктуирање на РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје на начин што ќе се утврди објективната пазарна вредност на капиталот врз основа на проценка подготвена од овластен проценител.
Поради наведеното Собранието на акционери предлага Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје да:

1. Направи анализа на финансиското работење и проценката на капиталот и оценка на алтернативни можности за бенефит со отуѓување или преструктуирање на РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје.
2. Побара проценка на пазарната вредност на капиталот на РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје од овластен проценител.
3. Врз основа на резултатите на таквите анализи, доколку истите укажат на таква потреба, согласно применливите закони, да се донесе и одлука за продажба на деловниот потфат на Друштвото во Реплек Маркет ДООЕЛ Скопје, но по цена не пониска од утврдената од страна на овластениот проценител во кој случај да се побараат повеќе понуди по пат на јавен оглас во најмалку еден дневен весник со цел да се избере најдобрата понуда.
4. Активностите под 1 и 2 погоре да се завршат до 31.12.2022 година.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
П р е т с е д а в а ч

_____

РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ
СКОПЈЕ

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2021 ГОДИНА

Скопје, март 2022

МУР СТИВЕНС ДОО
Св. Кирил и Методиј, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: +389 (2) 32 14 706
Е-адреса: moore@moore.mk
www.moore.mk
www.moore-global.com

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ДО СОПСТВЕНИКОТ НА РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ - Скопје

Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ – Скопје (Друштвото), кои што го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2021 година, како и Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен Весник на Република Северна Македонија (79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ДО СОПСТВЕНИКОТ НА РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ – Скопје (продолжение)

Основи за мислење со резерва

Како што е прикажано во Белешката 16 кон финансиските извештаи, со состојба 31 декември 2021 година, Друштвото има евидентирано опрема и транспортни средства во износ од 42,845 илјади МКД. Согласно барањата на МСС 36 - Обезвреднување на средства, ние не бевме во можност да се стекнеме со разумно уверување во однос на тоа дали сметководствената вредност ја надминува надоместливата вредност на истите и дали постои евентуално обезвреднување на средствата онака како што се бара согласно прифатените сметководствени стандарди.

Мислење со резерва

Според нашето мислење, освен за ефектите кои би можеле да произлезат од прашањата наведени во поглавјето "Основи за мислење со резерва", финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ – Скопје заклучно со 31 декември 2021 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината која што завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

Други прашања

Без да го квалификуваме нашето мислење укажуваме на фактот дека поради избраната сметководствена политика, а врз основа на достапни информации за вредноста на недвижниот имот на Друштвото, објективната пазарна вредност на недвижнстите е значајно поголема од нивната нето сметководствена вредност.

Извештај за други правни и регулативни барања

Менаџментот на Друштвото е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работата е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2021 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ – Скопје за годината која завршува на 31 декември 2021 година.

Скопје, 24 март 2022 година

Овластен ревизор

Костадинка Китаноска

Управител и Овластен ревизор

Антонио Велјанов

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје

РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ - Скопје
ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА за годината која завршува на 31 декември

	Белешка	2021 (000) МКД	2020 (000) МКД
Приходи од продажба	8	203,599	173,017
Останати оперативни приходи	9	6,396	228
Набавна вредност на продадени стоки	10	(156,390)	(133,405)
Употребени суровини и материјали	10	(5,541)	(4,933)
Трошоци за вработени	11	(28,873)	(29,137)
Амортизација	16	(1,614)	(1,531)
Останати оперативни расходи	12	(10,001)	(4,078)
ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА		7,576	161
Приходи од финансирање	13	-	129
Расходи од финансирање	14	(9)	(32)
ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ		7,567	258
Данок на добивка	15	(1,149)	(214)
НЕТО ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ		6,418	44
Останата сеопфатна добивка:			
Друга сеопфатна добивка		-	-
Вкупно останата сеопфатна добивка		-	-
ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ		6,418	44

Скопје, 14 март 2022 година

Управител
Слободан Марковски

	Белешка	2021 (000) МКД	2020 (000) МКД
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Недвижности, постројки и опрема	16	183,701	176,610
Нематеријални средства		855	105
Вкупно нетековни средства		**184,556**	**176,715**
Тековни средства			
Залихи	17	59,361	47,241
Побарувања од продажба	18	25,878	26,786
Останати тековни средства актива и АВР	19	4,283	1,941
Дадени позајмици		-	-
Парични средства	20	11,504	8,808
Вкупно тековни средства		**101,026**	**84,776**
ВКУПНО СРЕДСТВА		**285,582**	**261,491**
ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ			
Главнина			
Основачки капитал		141,629	141,629
Резерви		2,965	2,963
Реваloризациона резерва		6,038	6,038
Акумулирана добивка (загуба)		40,002	33,586
Вкупно главнина		**190,634**	**184,216**
Долгорочни обврски		**-**	**-**
Тековни обврски			
Обврски спрема добавувачи	21	89,255	72,562
Останати краткорочни обврски и ПВР	22	5,693	4,713
Вкупно тековни обврски		**94,948**	**77,275**
Вкупно обврски		**94,948**	**77,275**
ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ		**285,582**	**261,491**

	Белеш.	2021 (000) МКД	2020 (000) МКД
Парични текови од оперативни активности			
Добивка (загуба) пред оданочување		**7,567**	**258**
Усогласување за:			
Амортизација на недвижности, постројки и опрема	16	1,614	1,531
Исправка на побарувања	12	1,065	36
Отпис на обврски		(125)	(5)
Сегашна вредност на отпишани средства		147	-
Приходи и расходи од вишоци и кусоци, нето		1,323	445
Парични текови од работење		**11,591**	**2,265**
Побарувања од продажба		(157)	(3,612)
Останати тековни средства и АВР		(2,544)	2,186
Залихи		(13,443)	(4,116)
Обврски од добавувачи		16,818	4,472
Останати краткорочни обврски и ПВР		141	459
		12,406	**1,654**
Платен данок на добивка		(108)	(358)
Нето парични текови од оперативни активности		**12,298**	**1,296**
Парични текови од вложувачки активности			
Дадени и наплатени позајмици, нето		-	4,800
Недвижности, постројки и опрема	16	(8,850)	(13,295)
Нематеријални средства		(752)	-
Нето парични текови од вложувачки активности		**(9,602)**	**(8,495)**
Парични текови од финансиски активности			
Исплатени дивиденди		-	-
Уплатен капитал		-	-
Нето парични текови од финансиски активности		**-**	**-**
Нето зголемување (намалување) на парични средства		**2,696**	**(7,199)**
Парични средства на почетокот на годината	**20**	**8,808**	**16,007**
Парични средства на крајот од годината	**20**	**11,504**	**8,808**

	Уплатен капитал	Законски резерви	Ревалориз ациона резерва	Акумулира на добивка	Вкупно капитал
Во (000) МКД					
Состојба на 1 јануари 2020 година	**141,629**	**2,909**	**6,038**	**33,596**	**184,172**
Сеопфатна добивка:					
Добивка за годината	-	-	-	44	**44**
Друго	-	-	-	-	**-**
Вкупна сеопфатна добивка	**-**	**-**	**-**	**44**	**44**
Трансакции со сопствениците:					
Издвојување за резерви	-	54	-	(54)	**-**
Издвојување за дивиденди	-	-	-	-	**-**
Состојба на 31 декември 2020 година	**141,629**	**2,963**	**6,038**	**33,586**	**184,216**
Сеопфатна добивка:					
Добивка за годината	-	-	-	6,418	**6,418**
Друго	-	-	-	-	**-**
Вкупна сеопфатна добивка	**-**	**-**	**-**	**6,418**	**6,418**
Трансакции со сопствениците:					
Издвојување за резерви	-	2	-	(2)	**-**
Издвојување за дивиденди	-	-	-	-	**-**
Состојба на 31 декември 2021 година	**141,629**	**2,965**	**6,038**	**40,002**	**190,634**